РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-177/6
11.04 2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 12 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на РМ бр. 20/2015, 192/15, 231/2015 и 163/2018), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 11.04.2019 година, утврди

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Согласно член 42 став 4 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр. 58/2006, 35/2008, бр.150/2010 и бр.83/2018), по изборот, судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители.

Обуката за судии поротници опфаќа примена на: процесните закони – Закон за парнична постапка и Закон за кривична постапка и теми од обласа на судир на интереси, антикорупциски мерки, комуникациски вештини и етика како и одбрани теми од обласа на материјалното казнено и граѓанско право што ќе им дадат основни познавања на судиите поротници од соодветната материја што се неопходни за следење на процесот во граѓанска или кривична постапка. Обуката се спроведува заради подготовка на судиите поротници за применување на процесните и материјалните закони како и за професионално, етичко и непристрасно извршување на функцијата судија поротник.

Обуката се организира веднаш по изборот на судиите поротници од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија и се спроведува во апелационите подрачја - Битола, Гостивар, Скопје и Штип во времетраење од 2 дена, со тоа што секој ден обуката трае по 6 наставни часа. Во однос на содржината на обуката, се спроведуваат 5 основни модули и тоа:

**Модул 1** – Општи познавања од обласа на материјалното граѓанско право (2 наставни часа) со следнава содржина:

- Видови спорови во парнична постапка
- Поим и најчести видови на работен спор
- Поим и најчести видови на спрови од областа на облигационите односи
- Поим и најчести видови на семејни спорови
- Поим и најчести видови на спорови од областа на сопственичко-правните односи
- Поим и најчести видови на трговски спорови

**Модул 2** - Имплементација на Законот за парнична постапка (2 наставни часа) со следнава содржина:

- Практична имплементација на Законот за парнична постапка во првостепена постапка со посебен осврт на одредбите што се однесуваат на учеството на судиите поротници во постапката
- Донесување одлуки и нивно објавување
- Практична имплементација на Законот за парнична постапка во второстепена постапка, со посебен осврт на одредбите што се однесуваат на учеството на судиите поротници во постапката
- Донесување одлуки во второстепена постапка

**Модул 3** – Организација и надлежност на судовите; етички кодекс; судир на интереси; антикорупциски мерки; комуникациски вештини (4 наставни часа) со следнава содржина:

- Општо за организација и надлежност на судовите
- Стандарди за независно судство
- Етика и слободното судиско убедување
- Судир на интереси
- Антикорупциски мерки
- Комуникациски вештини

**Модул 4** – Општи познавања од областа на материјалното казнено право/ казнена политика (2 наставни часа) со следнава содржина:

- Општ дел од Кривичниот законик
- Преглед на кривичните дела предвидени во КЗ

**Модул 5** - Имплементација на Законот за кривична постапка (2 наставни часа) со следнава содржина:

- Новиот концепт на Законот за кривичната постапка
- Спогодување согласно со ЗКП
- Улогата на судијата на претходна постапка и доказно рочиште
- Мерки за обезбедување присуство на лица за непречено водење на кривичната постапка
- Тек на главната расправа
- Записник за главната расправа
- Признание на вина во текот на главната расправа
- Доказна постапка и редослед на изведување на доказите
- Начини на испитување и правила на судот во процесот на изведување докази
- Испитување на обвинетиот
- Донесување на одлуки и нивно објавување
- Постапка по жалба; донесување одлуки во второстепена постапка

По завршувањето на обуката, судиите поротници добиваат потврда за завршена обука и за истото го известуваат Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор,
Сашо Рајчев